Врз основа на член 17 став (10) Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/2019 и 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 24.06.2021 година, донесе

**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво („Службен весник на РМ“ бр. 175/2013, 131/2016 и 32/2018 ) во членот 5 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„Барањето и документите од член 3 и 4 од овој правилник може да се доставaт и по електронски пат, во форма на електронски документ согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. Документот кој пензиското друштво не може да го достави како оригинален документ во електронска форма, потребно е во рок од 5 дена од доставувањето на документацијата, да го достави во оригинал во хартиена форма.“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Член 2

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 01-517/4
09.07.2021 година
С к о п ј е

Претседател на Совет на експерти

Максуд Али, с.р